СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ПРАВНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РОДОТ ВО НЕКОИ ОД ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ

--компаративен преглед --

Фросина Дониновска Сусинов

Советник истражувач и аналитичар по современи политички системи

јуни 2021 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ... 3
ВОВЕД ... 4
I Законски услови за правно признавање на родот во земјите членки на ЕУ ... 4
I.1 Самоопределување ... 5
I.2 Процедурални барања ... 5
I.3 Медицински барања ... 6
I.4 Нејасни барања ... 7
I.5 Барања во врска со семејните прашања на апликантите ... 7
I.6 Времетраење на постапката ... 7
I.7 Возраста како критериум ... 8
II Преглед на барања за правно признавање на родот и класификација на земјите во кластери ... 8
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ... 11

**РЕЗИМЕ**

Правното признавање на родот е процедура преку која едно лице може да го смени името и полот во официјалните регистри и документација. Ова може да му овозможи на поединецот пристап до нов полов идентитет што одговара на неговиот родов идентитет. Условите за постапката варираат меѓу земјите и вклучуваат низа медицински, судски, граѓански и/или административни барања.
Во **Бугарија, Кипар, Литванија, Летонија** и **Романија,** со закон е воведена промена на родот, меѓутоа не постојат процедури за правно признавање и на овој начин донесувањето одлуки зависи од волјата на надлежните тела. Иако во овие земји разводот не се смета за формален услов со цел промена на родот, ниту една од петте земји-членки не признава истополови бракови. Само **Кипар** признава истополови граѓански партнерства (од 2015 година), додека другите земји не признаваат никаква формален статус на истополова врска.
Во **Словачка, Чешка, Полска, Финска, Австрија, Естонија, Шпанија, Италија** и **Обединетото Кралство** предуслови за процедурата се: физички барања за интервенција (стерилизација, хирургија, хормонска терапија), често во комбинација со барање за дијагностицирање на родова дисфорија. Дополнителен услов за процедурата за правно признавање на родот, во **Полска** и **Естонија** е барањето за развод, додека во останатите земји од оваа група разводот не претставува предуслов за процедурата.
**Словенија, Германија, Унгарија, Хрватска, Шведска и Холандија** бараат дијагноза на менталното здравје, сведоштва или мислење на психијатар, психолог и други медицински лица како што се ендокринолог, или други форми на медицински или психолошки надзор/мислења за апликантите. Од наведените земји во оваа група, единствено во **Унгарија** разводот е формален предуслов за процедурата за правно признавање на родот.
**Грција** и **Франција** не бараат никакви медицински прегледи, интервенција или дијагноза, како предуслов за процедурата но имаат друг вид на процедурални барања. За разлика од **Франција**, во **Грција** предуслов за процедурата е барањето за развод.
**Белгија, Данска, Ирска, Луксембург, Малта** и **Португалија** ги спроведуваат најпристапните процедури за правно признавање на родот, оние во коишто самоопределувањето на поединците преовладува во постапките.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа е компаративна анализа на правното признавање на родот во некои од земјите членки на Европската Унија.

Правното признавање на родот е процедура преку која едно лице може да го смени името и полот во официјалните регистри и документација. Ова може да му овозможи на поединецот пристап до нов полов идентитет што одговара на неговиот родов идентитет. Условите за постапката варираат меѓу земјите и вклучуваат низа медицински, судски, граѓански и / или административни барања.

22 земји членки на ЕУ и Велика Британија веќе имаат воспоставено јасно законодавство за да им овозможат на одредени индивидуи полесно да поминат низ процесот на правно признавање на родот. Во останатите пет земји членки на ЕУ (Бугарија, Кипар, Литванија, Латвија, Романија) сеуште нема утврдено јасна процедура во законот. Наместо тоа, апликантите во овие земји мора да спроведуваат судска процедура и да чекаат одлука на судот. Во шест од земјите членки на ЕУ помеѓу кои (Белгија, Данска, Ирска, Луксембург, Малта, Португалија) процедурите за правно признавање на родот се засновани на самоопределување и целосно се во согласност со принципите на Јогјакарта[1].

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I Законски услови за правно признавање на родот во земјите членки на ЕУ

Сите земји членки на ЕУ и Велика Британија дозволуваат правно признавање на трансродови лица или дозволуваат поединците да бидат признаени во согласност со нивниот родов идентитет. Сепак, барањата утврдени во националните законодавства варираат во голема мера. Правните практики за признавањето на родот најчесто се комбинација од правни и медицински барања и границата помеѓу овие две честопати може да биде нејасна.

Барањата варираат од административни формалности што го отсликуваат правото на трансродовите лица за самоопределување до одредени медицински барања, како што е стерилизација. Правните барањата може да се категоризираат на следниов начин:

- Барања за самоопределување кои вклучуваат самопрогласување на идентитетот преку писмена изјава или барање до надлежен орган;
- Процедурални барања;
- Медицински барања;
- Барања поврзани со односот и семејната состојба на апликантот;
- Критериум време;
- Критериум возраст.

Секоја категорија резултира со тоа трансродовите лица да мораат да ги исполнуваат условите, да обезбедат одредени видови докази или се подложени на одредени процеси со цел пристап до правното признавање. Барањата честопати го одразуваат националниот пристап за да се дозволи признавање на

[1] *Legal gender recognition in the EU: The journeys of trans people towards full equality*. European Commission. 2020. https://123movies-hd.online/tvseries/the-tudors/4-9 (Пристапено на: 14.6.2021).

родот. Некои барања го одразуваат пристапот на самоопределување, каде трансродовите луѓе се оние кои најдобро може да го идентификуваат сопствениот пол. Останатите процедури заземаат попатерналистички пристап, кога државата (преку судови или други органи) се смета за најдоброто средство за проценка на родот на една личност или патологизирачкиот пристап кога трансидентитетите се разгледуваат низ медицински термини и медицински експерти и на овој пристап се гледа како на најсоодветен за одредување на полот.

## I.1 Самоопределување

Ваквата процедура на правно признавање на родот беше промовирана од страна на Резолуција на парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) и принципите на Јогјакарта[2]. Овој пристап е најпочитуван од страна на трансродовите лица затоа што ги отсликува највисоките стандарди за човекови права, а освен тоа до него најлесно се пристапува.

Според пристапот на самоопределување, трансродовите лица може да го сменат нивниот пол преку писмена изјава или барање до надлежните институции, како што е, на пример, општинскиот граѓански службеник во некои земји. Постапката не бара дијагностицирање на менталното здравје или каква било интервенција од трета страна, задолжителна медицинска интервенција, операција, стерилизација или задолжителен развод.

Шест земји членки го имаат усвоено пристапот на самоопределување. Данска прва го имплементираше ваквиот пристап во 2014 година, по неа следеа Малта[3] и Ирска[4] во 2015. Белгија[5], Луксембург и Португалија[6] преку амандмани имплементираа слични процедури во рамки на нивните законодавства.

## I.2 Процедурални барања

Меѓународните стандарди за човекови права се сè повеќе насочени кон промовирање на брза и достапна постапка за признавање на родот што може да се види од пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Постојат два различни типа на постапки за признавање на родот, имено судска и административна постапка. И во двата случаи, постапките можат да бидат спротивни на стандардите за човекови права со тоа што се неразумно долги, скапи и нетранспарентни во одлучувањето од земјите каде постапката за правно признавање на родот не е експлицитно објаснета во законодавството или каде што постојат одредени нејаснотии, постапката е многу подолга, бидејќи предметите се оценуваат од случај до случај. Законодавствата на Бугарија, Кипар, Литванија, Летонија, Романија, Италија и Полска, не ја утврдуваат оваа процедура и постапката ја спроведуваат судовите. Во Италија и Полска, судската пракса утврди јасни стандарди, додека во Бугарија, Кипар, Литванија, Летонија и Романија, голема дискреција им се дава на судиите. Во Полска, потребна е судска одлука за измена и дополнување на изводот на родените. Судската пракса се разви во практика според која трансродовите лица покренуваат случаи да ги „тужат“ своите родители. Ако трансродово лице има

[2] Извор: Евробарометар за дискриминација во ЕУ (2019).
[3] Gender Identity, Gender Expression and Sex Characteristics Act, 2015.
[4] Gender Recognition Act, July 2015.
[5] Gender Recognition Act Belgium, 25 June 2017.
[6] Portugal Decree (XIII 3 105), July 2018.

сопруг/а и деца, се претпоставува дека тие, исто така, имаат правен интерес во постапката и затоа мора да бидат наведени како сообвинети, заедно со родителите на трансродовото лице. Судските постапки честопати се потешки, поскапи од административните постапки. Дури и ако тие можат да бидат во согласност со стандардите за човекови права во моментов утврдени со ЕСЧП, тие можат да ги стават трансродовите лица во поголем ризик од дискриминација, бидејќи тие живеат во фаза на транзиција каде што живеат како еднородови без да имаат документи. Ова е случај во Франција, каде законодавната рамка донесена во 2016 година го реформираше пристапот до процедурата и ги елиминираше сите медицински барања, истовремено, ограничувајќи ги основите за одбивање. Судска постапка е сè уште неопходна и потребно е одобрување од судот за да се признае промената на родот. Во Словачка и Словенија, постапката за правно признавање на родот е административна постапка и барањата произлегоа од административната пракса.

### I.3 Медицински барања

Европскиот суд за човекови права, воспостави одредени правила во врска со процедурата за правно признавање на родот преку имплементирање на членот 8 од Европската конвенција за човекови права[7]. Според Конвенцијата, земјите членки на советот на Европа се обврзани правно да го признаат родот на трансродовите лица, кои поминале низ процес на медицински зафат.

ЕСЧП, исто така, утврди дека барањата за неповратни промени во метаболизмот на поединецот, како што е стерилизацијата, со цел пристап до процедурата за правно признавање на родот, е кршење на правото на физички интегритет и правото на приватен живот. Сепак, ЕСЧП им остава широко дискреционо право на земјите членки на Советот на Европа за утврдување на условите за пристап до процедурата. На пример, ЕСЧП смета дека условите за докажување постоење на нарушување на родовиот идентитет и подложување на лекарски преглед не се спротивни на правата на Конвенцијата[8]. Таканаречените “soft-law” закони за човекови права утврдени со принципот на Јогјакарта се оддалечија од медицинскиот пристап во постапките за правно признавање на родот сметајќи дека „*никој не смее да биде принуден на медицински процедури како барање за законско признавање на нивниот родов идентитет*“[9]. Медицинскиот пристап на процедурите е многу критикуван пристап, бидејќи го поткопува правото на трансродовите луѓе за телесен интегритет и самоопределување. Меѓутоа, во 2019 година, 20 од земјите членки на ЕУ (Австрија, Бугарија, Кипар, Чешка, Германија, Естонија, Шпанија, Финска, Хрватска, Унгарија, Италија, Литванија, Летонија, Холандија, Полска, Романија, Шведска, Словенија, Словачка, Велика Британија) сè уште процесот на правно признавање на родот го засноваат на медицинскиот или патолошкиот пристап и наметнуваат медицински предуслови[10], вклучително и: операција за потврдување на пол; стерилизација; медицински тест, честопати наменет да докаже дека родовиот идентитет е неповратен или затворање во медицинска установа; хормонален третман; задолжителна дијагноза на ментално растројство од страна на психолог, општ лекар, специјалист за родови теми или

[7] *Европска конвенција за човекови права.* Член 8. https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf (пристапено на: 14.6.2021).
[8] ECtHR, AP, Garçon and Nicot v. France No. 79885/12, 52471/13 and 52596/13 of 6 April 2017, 126-128.
[9] UN Yogyakarta Principle No 3.
[10] Article 3 General Requirements on Medical Procedures for the change of Gender.

друг медицински професионалец, кој мора да потврди дијагноза на родова дисфорија, пореметување на родовиот идентитет или транссексуалност[11].

## I.4 Нејасни барања

Пет земји членки на ЕУ не предвидуваат јасни процедури со кои надлежните органи можат да ги сменат ознаките за името и/или родот на трансродовите лица во нивните документи. Во Бугарија, Кипар, Литванија, Латвија и Романија, националното законодавство го признава правото за промена на ознаката за пол на официјалните документи, но не ја одредува постапката што треба да се следи, оставајќи ги апликантите во состојба на правна несигурност. Така, барањата ги утврдуваат државните службеници или судовите од случај до случај или следат одредена практика/судска пракса.

## I.5 Барања во врска со семејните прашања на апликантите

Националните барања за правно признавање на родот честопати се однесуваат на ситуации кои може да влијаат на семејството на трансродовото лице како на пример разводот.

Во моментов, 14 земји членки на ЕУ не признаваат истополови бракови, што создава важно правно прашање за апликантите во брак (Бугарија, Кипар, Чешка, Естонија, Грција, Хрватска, Унгарија, Италија, Литванија, Летонија, Полска, Романија, Словенија, Словачка). Во овие земји се спроведуваат различни опции за решавање на оваа правна недоследност. Во најдобар случај, кај условот за развод постои можност за промена на брачниот статус во правно партнерство кое штити некои права на сопружниците и нивните деца[12]. Во други случаи, разводот е експлицитно наведен како предуслов за процедурата за правно признавање на родот (Грција, Естонија) или административна практика (Унгарија, Словачка). Конечно, девет земји (Хрватска, Романија, Словачка, Словенија, Летонија, Литванија, Бугарија, Кипар, Чешка) имаат правна празнина во однос на брачниот статус на апликантите.

Друго важно влијание на процедурата за правно признавање на родот врз семејната состојба на трансродово лице е признавање на нивниот пол на нивниот родителски статус. Само три земји членки (Белгија, Холандија, Шведска) дозволуваат трансродовите лица да бидат признати како „(ко) мајка“, „(ко)татко“ или „родител“. Во Малта, законот сега ги назначува поединците како „Родител 1“ и „Родител 2“ (наместо мајка и татко). Италија дозволи трансжена, која била регистрирана како „татко“, одново да се регистрира како „мајка“.

Данска, Германија и Грција официјално го одбија признавањето на родот на индивидуата во нивниот родителски статус, додека другите земји членки сѐ уште не се произнеле на оваа тема.

## I.6 Времетраење на постапката

Некои земји членки воведоа временска рамка за пристап до процедурата за правно признавање на родот. Ваквите барања се спроведуваат во различни

---

[11]Questionnaires collected for the European network of legal experts in gender equality and non-discrimination (2018). Member States with a self-determination approach are not included as they do not have any medical requirements (Denmark, Luxembourg, Portugal, Belgium, Malta, Ireland). Two others also lack medical requirements (France, Greece).

[12] Правното партнерство не е еквивалентно на брак во однос на правата дадени на брачниот другар и / или деца.

фази од постапката. Во некои случаи, апликантите мора да докажат дека живееле јавно во согласност со нивниот родов идентитет за одреден временски период. Таканареченото „искуство во реалниот живот“ (Real Life Experience) бара лицето да живее одредено време во согласност со неговиот родов идентитет без официјални документи за поддршка на тој идентитет. Ова може да биде особено оптоварувачко искуство за трансродовите лица, кои мора да живеат во својот пол без законско признавање. Спротивно на тоа, Малта експлицитно воспостави максимално (кратко) траење на постапка во своето законодавство.

Во **Малта**, барањето за правно признавање на родот се поднесува до службеникот за јавен регистар, којшто е должен тоа да го забележи во изводот од матичната книга на родени на барателот во рок од 15 дена. Не подоцна од еден месец од објавувањето на декларативниот акт што содржи копија од изводот, барателот мора да наведе кои други акти од неговиот граѓански статус треба да се изменат. Во рок од 15 дена од забелешката на службеникот, барателот мора да побара измена и издавање на нова лична карта и други документи за идентификација кои го означуваат полот и првото име на лицето, како одраз на измената на изводот од матичната книга на родени на лицето[13].

## I.7 Возраста како критериум

Достапноста на процедурата за правно признавање на родот за лица помлади од 18 години варира од земја до земја. Во 2019 година, повеќето од земјите членки на ЕУ (17), експлицитно ја забранија процедурата за лица помлади од 18 години. Државите (Австрија, Белгија, Германија, Грција, Хрватска, Ирска, Италија, Луксембург, Малта, Холандија, Португалија) коишто дозволуваат малолетни лица да аплицираат за оваа процедура поставуваат дополнителни барања како на пример медицински и психолошки тестови или атести, одобрување од родител(и) и останати процедурални барања.

# II Преглед на барања за правно признавање на родот и класификација на земјите во кластери

Од 2019 година, земјите членки се групираат во пет различни групи во однос на тоа како ги класифицираат барањата за спроведување на процедурата за правно признавање на родот. Оваа категоризација се заснова на нивото на сложеност на барањата неопходни за пристап до процедурата, како, на пример, комплексноста на постапката. Земјите се групирани врз основа на видовите законски барања што ги воспоставија за пристап до процедурата. Тие се структурирани во врска со некои од барањата опишани погоре, иако времето и возраста не беа одлучувачки во категоризацијата на земјите. Наместо тоа, присуството на барања за самоопределување, медицински барања, нејасни барања, судски постапки и барања поврзани со семејството одиграа улога во групирањето на овие земји.

---

[13] *Gender Identity, Gender Expression and Sex Characteristics Act.* Malta. https://legislation.mt/eli/cap/540/eng/pdf (Пристапено на: 14.06.2021)

| Група | Земји во групата | Барања за процедурата |
|---|---|---|
| 1 | Бугарија<br>Кипар<br>Литванија<br>Летонија<br>Романија | Оваа група опфаќа пет земји кои иако имаат воведено законски измени на родот, немаат утврдено постапки за правно признавање и на овој начин донесувањето одлуки зависи од волјата на надлежните тела. Иако во овие земји барањето за развод не е формален услов, ниту една од петте земји-членки не признава истополови бракови. Само Кипар признава истополови граѓански партнерства (од 2015 година), додека другите земји не признаваат никаков формален статус на истополова врска. |
| 2 | Словачка<br>Чешка<br>Полска*<br>Финска<br>Австрија<br>Естонија *<br>Шпанија<br>Италија<br>Обединето Кралство | Оваа група ги опфаќа земјите кои наметнуваат медицински барања, како што се хирургија со потврда на пол, стерилизација или хормонска терапија со која се потврдува полот. Во земјите означени со (*) барањето за развод е услов за процедурата. |
| 3 | Словенија<br>Германија<br>Унгарија *<br>Хрватска<br>Шведска<br>Холандија | Оваа група ги опфаќа земјите кои наметнуваат барања за поставување дијагноза, од службено лице сведоштва или мислење на психијатар, психолог и други медицински професионалци како што се |

| | | |
|---|---|---|
| | | ендокринолог, или други форми на медицински или психолошки надзор.<br>Во земјите означени со (*) барањето за развод е услов за процедурата. |
| 4 | Грција *<br>Франција | Оваа група вклучува земји кои не бараат никакви медицински прегледи интервенција или дијагноза, но имаат процедурални барања.<br>Во земјите означени со (*) барањето за развод е услов за процедурата. |
| 5 | Белгија<br>Данска<br>Ирска<br>Луксембург<br>Малта<br>Португалија | Оваа група ги опфаќа земјите што ги спроведуваат најпристапните процедури за правно признавање, оние каде самоопределувањето преовладува во постапките. |

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

_______________________________

Златко Атанасов

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. ECtHR, AP, Garçon and Nicot v. France No. 79885/12, 52471/13 and 52596/13 of 6 April 2017, 126-128.
2. Gender Identity, Gender Expression and Sex Characteristics Act, 2015.
3. Gender Identity, Gender Expression and Sex Characteristics Act. Malta. https://legislation.mt/eli/cap/540/eng/pdf
4. Gender Recognition Act Belgium, 25 June 2017.
5. Gender Recognition Act, July 2015.
6. Legal gender recognition in the EU: The journeys of trans people towards full equality. European Commission. 2020.
7. Portugal Decree (XIII 3 105), July 2018.
8. UN Yogyakarta Principle No 3. https://www.refworld.org/pdfid/48244e602.pdf
9. Евробарометар за дискриминација во ЕУ (2019).
10. *Европска конвенција за човекови права.* Член 8. https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384